**СОСТОЈБА СО ГРИП ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА,**
**СЕЗОНА 2024/2025**
**(10-та недела, до 09.03.2025)**

## НЕДЕЛНИ ПОДАТОЦИ

### Епидемиолошки надзор

Во текот на **10-та недела** од 2025 година (03-09.03.2025), во Р. С. Македонија се пријавени **2.347 (I=127,8/100.000)** случаи на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, за 8,6% помалку во споредба со претходната недела (n=2.569).

Бројот на пријавени лица оваа недела споредено со 10-та недела од минатата сезона (n=427) е зголемен за 5,5 пати, а во споредба со бројот за 10-та недела од типичната епидемиска крива (моделирана од последните 14 сезони) (n=1.316), зголемен е за 78,3% *(Графикон 1)*.

Пријавената инциденца е над неделната граница на средна активност на вирусот на грип (I=92,52/100.000) *(Графикон 1)*.

***Графикон 1.*** *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2024, сезона 2023/2024 и сезона 2024/2025*




Во однос на возрасната дистрибуција, 1.454 лица се на возраст од 15-64 години, 516 кај деца на возраст од 5-14 години, 198 кај лица на возраст над 65 години и 179 се регистрирани кај деца на возраст од 0-4 години. Највисока инциденца (240,2/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 5-14 години, а кај децата од 0-4 години инциденцата изнесува 185,5/100.00.

Заболените се пријавени од 29 ЦЈЗ/ПЕ, Скопје – 931, Битола – 202, Куманово – 176, Струмица – 112, Тетово – 105, а во останатите, бројот на заболени е ≤100.

Во текот на оваа недела, во 5 извештајни единици се регистрира многу ниска, во 6 – сезонска, во 15 – средна, во 1 – висока, а во 2 (Дебар и Ресен) – многу висока активност на вирусот на грип *(Картограм 1)*.

*__Картограм 1.__ Ниво на активност на грип според инциденца на 100.000 жители, 10-та недела 2025*




Во текот на оваа недела, пријавен е еден смртен случај асоциран со грип. Се работи за лице на возраст од 82 години од Радовиш кое било хоспитализирано во КБ Штип. Кај починатото лице е утврдено присуство на коморбидитети и не било вакцинирано со вакцина против сезонски грип. Кај починатото лице, лабораториски е потврдена Influenza A(H3).

## Сентинел надзор над САРИ

Од сентинел местата кои учествуваат, во 10-та недела пријавени се вкупно 69 САРИ случаи, од сентинел САРИ местата во Скопје (без УК за инфективни болести и фебрилни состојби) и Штип. Најголем број на САРИ случаи (n=37; 53,6%), се пријавени од Клиника за детски болести - Скопје. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=39; 56,5%) се пријавени од возрасната група од 0-4 година.

Во оваа недела, вкупен број на приеми во сентинел местата е 254, од кои едно лице е регистрирано на интензивна нега. Од сите приеми, 27,2% се должат на САРИ. Најголемо оптоварување се бележи кај возрасната група од 5-14 години.

## Вирусолошки надзор *(рутински+САРИ надзор)*

Во текот на 10-та извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 73 материјали од рутинскиот (n=47) и сентинел САРИ (n=26) надзорот за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.

Од вкупно тестираните материјали, детектирани се 27 позитивни примероци за грип - во 9 примероци докажано е присуство на Influenza A(H3), во еден примерок Influenza A(H1)pdm09 и во еден примерок - несубтипизирана Influenza A вирус, а во 16 примероци Influenza B/Victoria.
Од доставените материјали, 16 се тестирани на респираторен синцицијален вирус (RSV), а кај 4 од нив е добиен позитивен резултат, 3 RSV-A и 1 RSV-B.

## КУМУЛАТИВНИ ПОДАТОЦИ

### Епидемиолошки надзор

**Во сезоната 2024/2025** вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува **22.291 (I=1.213,6/100.000)**.
Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=13.809), бројот на пријавени случаи е зголемен за 61,4%, а во однос на моделот од последните 14 сезони (n=18.639) се регистрира зголемување од 19,6%.
Кумулативно, заболените се пријавени од дваесет и девет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица (n=5.769) се регистрира на територијата на Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (5.132,8/100.000) е регистрирана на територијата на Дебар (n=982). *(Табела 1 во Прилог)*
Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 12.697 случаи (57,0%), а највисока инциденца (2.739,3/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=2.644). *(Табела 1 во Прилог)*
Дистрибуција на случаите од сезонски грип/ заболувања слични на грип по месеци *(Табела 1 во Прилог)*:

- октомври – 195 случаи или 0,9%
- ноември – 259 случаи или 1,2%
- декември – 570 случаи или 2,6%
- јануари – 7.710 случаи или 34,6%
- февруари – 11.210 случаи или 50,3%
- март – 2.347 случаи или 10,5%

Во досегашниот тек на сезоната на грип, регистрирани се четири починати лица асоцирани со грип.

### Сентинел надзор над САРИ

Сентинел надзорот се спроведува како дополнување на редовниот систем за надзор над грип и КОВИД-19 во Р. С. Македонија, со цел да се добијат подетални информации во однос на инциденца, интензитет, тип на вируси кои циркулираат и за имплементација на навремени превентивни мерки.
Сентинел САРИ (Сериозни Акутни Респираторни Инфекции) надзорот се спроведува во 6 надзорни болници, 5 во Скопје (УК за инфективни болести и фебрилни состојби, УК за детски болести, УК за Пулмоалергологија, ГОБ 8-ми Септември и УК за респираторни заболувања кај деца - Козле) и една во Штип (КБ Штип). Дефиницијата за случај на САРИ според која се спроведува надзорот е усогласена со дефиницијата на случај на СЗО од 2014 година.
Кумулативно, од сентинел местата кои учествуваат, пријавени се вкупно 946 САРИ случаи, од кои 20 лица се пријавени на интензивна нега. Најголем број на САРИ случаи (n=384; 40,6%), се пријавени од надзорното место УК за детски болести. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=462; 48,8%) се пријавени од возрасната група од 0-4 година.
Кумулативно, вкупен број на приеми во сентинел местата е 5.477. Од сите приеми, 17,3% се должат на САРИ. Најголемо оптоварување од 20,2% се бележи кај возрасната група од 15-29 години.
Во текот на сезоната 2024-2025 регистрирани се осум смртни случи, две лица од возрасната група од 30-64 години и четири лица од возрасната група - лица над 65 години. Починатите лица се со коморбидитети и невакцинирани против грип. Од вкупно починатите лица, кај четири лица е докажано присуство на вирусот на Influenza, и тоа: кај две лица Influenza A(H3), кај едно лице Influenza A(H1)pdm09 и кај едно лице Influenza A - нетипизирана.

## Вирусолошки надзор (рутински+САРИ надзор)

Од почетокот на сезоната 2024/2025, заклучно со 10-та недела/2025, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 952 материјали од рутинскиот (n=533) и сентинел САРИ (n=419) надзорот. Сите пристигнати материјали се тестирани за присуство на инфлуенца вирус, SARS-CoV-2 и/или RSV.

Детектирани се 265 позитивни случаи на грип. Регистрирани се 10 позитивни случаи на SARS-CoV-2. Дополнително, регистрирани се 74 позитивни случаи на респираторен синцицијален вирус (RSV). *(Табела 1)*

Кај три лица е регистрирана коинфекција на Influenza и RSV, кај едно лице коинфекција на RSV и SARS-CoV-2 и кај две лица коинфекција на Influenza A и Influenza B.

***Табела 1.*** *Дистрибуција бројот и процентот на позитивни материјали од рутинскиот и сентинел надзор по потекло и вкупно, Р. С. Македонија, 2024/2025*

| Тип и субтип на вирус | Потекло | | Сезона 2024/25 | |
|---|---|---|---|---|
| | рутински | Сентинел САРИ | број | % |
| **Influenza A** | **82** | **85** | **167** | **63,0%** |
| Influenza A/H1pdm | 15 | 25 | 40 | 23,9% |
| Influenza A/H3 | 60 | 53 | 113 | 67,7% |
| несубтипизирани Influenza A вируси | 7 | 7 | 14 | 8,4% |
| **Influenza B** | **72** | **26** | **98** | **37,0%** |
| Influenza B Victoria | 71 | 26 | 97 | 99,0% |
| Influenza B – неодредена линија | 1 | 0 | 1 | 1,0% |
| **SARS-CoV-2** | **6** | **4** | **10** | **-** |
| **RSV** | **15** | **59** | **74** | **-** |
| RSV-A | 9 | 43 | 52 | 70,3% |
| RSV-B | 6 | 16 | 22 | 29,7% |

***Графикон 2.*** *Неделна дистрибуција на број и процент на позитивни примероци на грип, рутински и сентинел надзор, Р.С. Македонија, 2024/2025*



## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Бројот на заболувања слични на грип, сè уште е над неделната граница за средна активност.**
**Резултатите добиени од вирусолошкиот надзор над инфлуенца покажуваат дека има широка географска активност на вирусот на грип. Процентот на позитивност е над границата од 10% девет недели со ред.**
**Согласно достапните податоци, Р.С. Македонија има среден интензитет на вирусот на грип.**

## ОПШТИ МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА

*Извор: https://sezonskigrip.mk/

Општите мерки за заштита од грип се насочени кон сите акутни респираторни заболувања и може да се од голема корист, особено ако се применуваат во текот на целиот зимски период:

- Да се избегнува собирање и престој во простории каде престојуваат повеќе луѓе, особено да се избегнува близок контакт со луѓе кои се болни или сомнителни – кашлаат, киваат, имаат покачена телесна температура.
- Често да се мијат рацете со вода и сапун или дезинфекционо средство.
- Да се загреваат просториите за престој и често да се проветруваат.
- Препорачливо е топло, слоевито облекување, топли бањи.
- Да се пијат топли напитоци (чаеви и супи), овошни цедени сокови, вода со лимон.
- Да се земаат свежи продукти богати со витамини и минерали, најдобро овошје и зеленчук кои му се неопходни на организмот. Особено се пожелни продукти богати со витамин Ц (цитрони, лимони, портокали). Доколку не се располага секогаш со свежи прехрамбени продукти, може да се користат и мултивитамински напитоци и препарати.
- Практикување здрав начин на живот и навики, вклучително добар сон и одмор, здрава храна, одржувајте физичка и психичка активност, намалете го стресот.

Силниот имунитет ќе ви помогне да останете здрави или полесно да се справите со грипот и заболувањата слични на грип. Сепак, дури и да сте совршено здрави и да имате силен имунитет, може да заболите од грип или заболување слично на грип.

### Што доколку се разболите од грип?

Следете ги следните препораки:

- Останете дома и не одете на работа, во училиште или на места каде има многу луѓе.
- Одморајте се и земајте многу течности и лесна храна.
- Избегнувајте блиски контакти со лицата со кои живеете, не примајте посети додека сте болни.
- Покријте го носот и устата со шамивче при кашлање и кивање. По употреба, фрлете ги во корпа за отпадоци.
- Носете заштитна маска кога контактирате со своите блиски во домот, кога кашлате и кивате.
- Практикувајте често и темелно миење на раце со топла вода и сапун.
- Користете влажни марамчиња кои содржат алкохол или средство за дезинфекција на рацете.
- Избегнувајте допирање на очите, носот и устата со раце.
- Често проветрувајте ја просторијата каде престојувате додека сте болни.
- Одржувајте ја чиста вашата околина – предмети, површини со средства за хигиена на домот.
- Ако сте над 65 години или имате хронични заболувања, или доколку симптомите на болеста се влошуваат или траат повеќе денови – побарајте лекарска помош.

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

**Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување.** Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

- За сезоната 2024/2025, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 70.000 дози, наменета за приоритетни групи население. Дополнителни 10.000 дози на четиривалентна вакцина се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for International Vaccine Initiatives).

  На 21.10.2024 година започна вакцинацијата против сезонски грип. Вакцинацијата се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици и/или Здравствените домови. Вакцинацијата на здравствените работници ќе се спроведува во Институтот за јавно здравје. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната www.vakcinacija.mk.
  Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 70.376 лица од ризичните категории на населението со бесплатни вакцини.

- Дополнителни 2.600 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи, истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.
  Во однос на комерцијалните вакцини, вакцинирани се 1.918 лица.

**Заклучно со 10-та недела, во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 72.294 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 9-та недела 2025 година за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион на СЗО:

- Стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се покачени над основните нивоа во 27 од 31 земја и области на Европскиот регион на СЗО.
- Иако има варијации во различни земји, процентот на позитивност и бројот на случаи на грип веќе го достигнало пикот, но останува на високо ниво. Бројот на болничките приеми асоцирани со грип продолжува да се намалува на регионално ниво. Се регистрира еднаков број на позитивни со Influenza A и Influenza B, но и тоа варира на ниво на земја.
- Позитивноста на RSV останува умерена на примарно и секундарно ниво на здравствена нега, следејќи го платото достигнато кон крајот на декември.
- Активноста на SARS-CoV-2 останува ниска на регионално ниво, со одредени варијации на ниво на земји.
- Потврдените детекции (n=1.621) на инфекција со вирусот на грип од сентинел ПЗУ за изминатата недела беа Influenza A (49%) и Influenza B (51%). Од позитивните со Influenza A најголем процент (62%) се Influenza A(H3), а сите детектирани случаи на Influenza B (n=334) се класифицирани како Influenza B/Victoria.
- Низ регионот, од примероците од пациенти од САРИ надзорот:
    - Процентот на детекција на вирусот на грип е 30% во споредба со 33% во претходната недела. Просечната позитивност беше 16% (опсег: 8-70%).
        - Потврдените детекции на инфекција со вирусот на грип од сентинел САРИ за изминатата недела беа Influenza A (50%) - A(H1)pdm09 (66%) и A(H3) (34%) и Influenza B (50%), 61 случај на Influenza B/Victoria.
    - Позитивноста за SARS-CoV-2 е 1% во споредба со 2% претходната недела. Просечната позитивност беше 1% (опсег: 0–8%).
    - Позитивноста за RSV е 9% во споредба со 9% во претходната недела. Просечната стапка на позитивност беше 10% (опсег: 0-22%).

Од 35 земји кои известуваат за интензитет на грип: 26 пријавиле среден или поголем интензитет.

Од 34 земји кои известуваат за географската распространетост на грипот: 31 пријавила регионална или широко распространета дистрибуција.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***